**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**
**И ВРСКИ**
**Бр. 15 Уп.-110/7**
**29. 09. 2005 год.**
**С К О П Ј Е**

Министерството за транспорт и врски, решавајки по барањето на Инвеститорот ФЗЦ "11 Октомври" од Куманово за издавање на Решение за употреба на инвестиционот објект "Реконструкција на постојниот погон "Котларница" за користење на природен гас, во кругот на фабриката "11 Октомври" во Куманово", а врз основа на член 28 од Законот за изградба на инвестициони објекти ("Сл. весник на СРМ" бр. 15/90), Правилникот за начинот на вршење на технички преглед на изградени инвестициони објекти ("Сл. весник на СРМ" бр. 26/90), како и Записникот и предлогот на Комисијата за технички преглед на инвестиционот објект, го донесува следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ДАВА НА УПОТРЕБА и може да се користи за предвидената намена Инвестициониот објект "Реконструкција на постојниот погон "Котларница" за користење на природен гас, во кругот на фабриката "11 Октомври" во Куманово" чиј Инвеститор е ФЗЦ "11 Октомври" од Куманово.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за технички преглед, одредена со Решение на Министерот за транспорт и врски со бр. 15 Уп.-110/2 од 05.03.2003 год., по извршениот технички преглед на изведените работи на објектот, изведбената документација и актите донесени во врска со изградбата на инвестициониот објект "Реконструкција на постојниот погон "Котларница" за користење на природен гас, во кругот на фабриката "11 Октомври" во Куманово", како и инвестиционо-техничката документација изработена од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГОСИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје, во својот записник на ден 15.05.2003 година го утврди следното :

Работите се изведени од страна на Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГОСИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје согласно документацијата за која е издадено Одобрението за градење бр. 15 Уп.-270/5 од 13.11.2002 год. издадено од Министерството за транспорт и врски.

На техничкиот преглед комисијата даде предлог изведените работи да се примат откако недовршените работи и недостатоците и збалешките наведени во точките **17.** 1 и 2 и **18.** 3, 6, 7, 8, 9, 11, 13, 14, 15 и 16 од Записникот се отстранат и тоа во рок од 30 дена за што Инвеститорот беше должен по писмен пат да го извести надлежниот орган. Со оглед дека инвеститорот во наведениот рок не достави известување дека постапил по записникот, т.е. ги завршил недовршените работи и ги отстранил забелешките наведени под точките **17.** 1 и 2 и **18.** 3, 6, 7, 8, 9, 11, 13, 14, 15 и 16 од Записникот, овој орган со допис бр. 15 Уп.-110/4 од 15.01.2004 год. побара од инвеститорот во рок од 15 дена да го стори истото. Инвеститорот, со Известување бр. 03-1296 од 19.04.2004 год. го извести Министерството за транспорт и врски дека постапил по наведените забелешки по што членовите на Комисијата за технички преглед со дополнителни увиди извршени на 21.09.2005 год.

и 29.09.2005 год. утврдија дека се доврршени недовршените работи и се отстранети забелешките наведени во Записникот, а кои беа услов за издавање на бараното Решение за употреба.

Согласно предлогот на Комисијата за технички преглед, дополнително доставената документација со горе наведеното Известување и дополнително извршените увиди од страна на членовите на комисијата, утврдено е дека се исполнети условите од член 28 од Законот за изградба на инвестициони објекти и член 10 и 12 од Правилникот за начинот за вршење на технички прегледи на изградени инвестициони објекти, па се донесе Решение како во диспозитивот.

ПОУКА : Незадоволната страна има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа на урбанизмот и градежништвото, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Одобрение. Жалбата се таксира со 200,00 денари административни таксени марки.

Таксата по тарифа бр. 1 и 69 од Законот за измена и дополна на Законот за административни такси ("Сл. весник на РМ" бр.20/96) во износ од 3050,00 денари е наплатена и дополнително приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО :

-Инвеститор
-Државен инспекторат
-Архива х 2

**Министер,**
**Џемали Мехази**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ